Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 05 - 205/6
02.04.2021 год./Viti
Скопје / Shkup

AGENCY FOR PROMOTION AND SUPPORT OF TOURISM
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

ODA E HOTELIERISË
DHE TURIZMIT TË KOSOVËS
THE CHAMBER OF HOSPITALITY AND TOURISM OF KOSOVO

---

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ**

**ВО ПРИШТИНА, КОСОВО, 01.04.2021 ГОДИНА**

**СКЛУЧЕН МЕЃУ**

**КОМОРАТА ЗА ХОТЕЛИЕРСТВО И ТУРИЗАМ НА КОСОВО**

**И**

**АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Комората за хотелиерство и туризам

на Косово,

претставувана од

претседател , Проф. Др. Хусен Согојева

и

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

на Република Северна Македонија,

претставувана од

директор, Љупчо Јаневски

со следната содржина:

## Предмет на мемеморандум

### Член 1

Потврдувајќи ја заедничката заложба , интерес и унапредување на соработката во областа на туризмот помеѓу Ребулкика Северна Македонија и Косово, зајакнување на соработката меѓу надлежните органи, споделување на заеднички искуства кои што се значителни за туристичкиот потенцијал, превземање на напори, зацврстување на пријателските односи на овие две држави, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија и Комората за хотелиерство и туризам на Косово (ОХТ), се согласија да бидат потписници на овој меморандум.

## Цели на меморандум

### Член 2

Страните потписнички на овој меморандум ќе работат во согласност со националните законодавства на нивните држави и правилата на меѓународните договори во кои нивните земји се членки, ќе ги преземат сите неопходни мерки за промовирање и поттикнување на развојот на туристичките односи, како и за олеснување на туристичката понуда преку поддршка на туристичките агенции и со структурите и другите организации кои се дел од областа на туризмот.

### Член 3

Страните потписнички на овој меморандум ќе воспостават поволна рамка за инвестиции во областа на туризмот во нивните земји, во согласност со националните закони на двете држави и ќе ги промовираат сите видови на туризам, кои се прифатени од меѓународните практики (културен туризам, рурален туризам, еко туризам, организиран и индивидуален итн).

### Член 4

Страните потписнички ќе ги разменуваат и ќе го олеснуваат протокот на сите информации, вклучувајќи ги и статистичките податоци од областа на туризмот на нивните држави, ќе придонесат во размена на искуство во областа на стручно усовршување на персоналот од туристичката индустрија на двете држави, а преку заемно разбирање ќе ги охрабруваат сите чинители во туризмот да земат активно учество на меѓународните саемски манифестации.

**Член 5**

Страните ќе ги споделуваат сите можностите за инвестиции во туризмот на двете држави како и обострано ќе си даваат поддршка за реализација на регионални туристички интеграции. Исто така ќе разменат информации за туристичките потенцијали на двете држави и ќе реализизраат информативни патувања за печатени и електронски медиуми и експерти на областа на туризмот.

## Општи и завршни одредби

**Член 6**

Страните потписнички на овој Меморандум се согласни дека во процесот на реализација на одредбите утврдени со истиот, доколку е потребно можат да вршат дополнувања или измени на истиот во насока на поголема ефикасност во реализација на взаемно утврдените цели и преземени обврски.

**Член 7**

Страните самостојно ќе ги сносат сите трошоци што произлегуваат од спроведувањето на овој меморандум, во рамките на утврдените национални законодавства на нивните држави.

**Член 8**

Овој меморандум за соработка нема никаво влијание врз меѓународните обврски превземени од страните потписници.

**Член 9**

Во насока на реализацијата на одредбите на овој Меморандум,страните-потписнички изјавуваат дека се во целост свесни за сопствените цели и интереси кои со истиот ги изразуваат, како и правната сила на утврдените преземени обврски.

Одговорни институции за спроведување на целите во меморандумот се:

- Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија / Република Северна Македонија
- Комората за Хотелиерство и Туризам на Косово / Косово

  Во случај на промена на имињата или функциите на овластените тела, страни пописнички

  ќе се известат едни со други преку дипломатски канали.

**Член 10**

Овој Меморандум влегува во сила на денот на потпишувањето од страна на потписници и трае 5 (пет) години. Важноста на овој мемеорандум ќе се продолжи уште пет години со премолчен договор, под услов ниту една од страните да не ја извести другата страна во писмена форма, најмалку шест месеци пред датумот на истекување на овој договор, за намерата да го раскине овој мемеорандум.

Известувањето за раскинување на овој договор од страна на една од договорните страни, нема да влијае на спроведувањето на активностите иницирани пред раскинувањето на овој мемеорандум.

**Член 11**

Овој Меморандум е составен во 4 еднообразни примероци, во две оригинални копии на македонски и албански јазик каде целиот текст е автентичен.

**Комора за Хотелиерство и Туризам на Косово**

**Претседател**
**Проф. Др. Хусен Согојева**

**Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија**

**Директор**
**Бунчо Јанчевски**